# ОДГОВОР

**на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Директорот на Царинска управа на ден 22.08.2014 година достави забелешки/известување по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерство за финансии - Царинска управа на Република Македонија до Државниот завод за ревизија, заведени под број 09 – 258/7.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките/известувањето на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Одговорното лице на Царинската управа со доставеното известување го информира Државниот завод за ревизија дека Нацрт извештајот е реално и објективно изготвен и ја прикажува вистинската состојба во врска со ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија и ги прифаќа дадените препораки, наведувајќи дека се преземаат мерки за целосно спроведување на истите.

2. Упатената забелешка на **препораката под реден број 1** која е поврзана со утврдената состојба на точката **2.1.3.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на заклучување на податоците од минати години во апликацијата за финансиско работење, **претставува известување** за преземените активности од страна на Царинска управа. Имено, доставен е доказ - print screen од функционалноста за заклучување на податоците од минати години во апликацијата за финансиското работење. Преземените активности од страна на Царинска управа соодветно ќе бидат обелоденети во конечниот извештај.

3. Упатената забелешка на **препораката под реден број 2** која е поврзана со утврдената состојба на точката **2.2.3.** од Нацрт извештајот, а кој се однесува на целосно усогласување на материјалната со сметководствената евиденција и преземање на мерки за целосно спроведување на пописот на средствата и обврските на начин предвиден со законската регулатива, **претставува известување** за преземените активности по дадената препорака. Имено, од страна на Царинска Управа извршено е усогласување на материјалната со сметководствената евиденција, за што доставен е преглед на основни средства со состојба по извршена корекција во

материјалната евиденција. Преземените активности од страна на Царинска управа соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

4. Упатената забелешка на **препораката под реден број 3** која е поврзана со утврдената состојба на точката **3.3.** од Нацрт извештајот која се однесува планирање на внатрешна ревизија, **претставува известување** за преземените активности по дадената препорака. Имено, приложен е доказ дека раководителот на одделението за внатрешна ревизија го доставил годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2014 година до раководителите на организационите единици кои треба да бидат ревидирани до крајот на тековната година и дека за секоја наредна година истиот ќе биде навремено доставуван. Преземените активности од страна на Царинската управа соодветно ќе бидат обелоденети во конечниот извештај, а спроведувањето на препорака може да се потврди со наредна ревизија.